**_ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕТИОТ СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН_**
**_„Илинденска“б.б.1300 Куманово, п.фах-182, Тел/Факс: 031/424-878,_**
**_e-mail: info@northeastregion.gov.mk_** **_www.northeastregion.gov.mk_**

**Предмет:Покана за учество на јавна расправа**

Почитувани,

Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад на Североисточниот регион Ве поканува да учествувате на **Јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведувањето на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион**, подготвен во рамки на проектот „Поддршка на имплементацијата на регионалните системи за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“.
Јавната расправа е наменета за претставници на:

- Општина Крива Паланка;
- Општина Кратово;
- Општина Ранковце;
- Надлежни министерства и државни институции;
- Јавни комунални претпријатија;
- Невладини организации и здруженија на граѓани;
- Стручна и заинтересирана јавност.

**Датум:** 05.06.2026година
**Време:**14:00часот
**Место:** Сала на Совет Општина Ранковце
Целта на јавната расправа е да се обезбеди активно учество на засегнатите страни во процесот на разгледување на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и Регионалниот план за управување со отпад, како и да се приберат мислења, предлози и препораки за нивно унапредување.
Вашето присуство и придонес се од особено значење за воспоставување на ефикасен, одржлив и современ регионален систем за управување со отпад во Североисточниот регион.
Нацрт документите се достапни на веб-страниците на Центрите за развој на Источниот и Североисточниот плански регион, како и во просториите на центрите за развој на источен и североисточен плански регион.
Со почит,

Центар за развој на третиот североисточен плански регион

**_КРАТОВО КРИВА ПАЛАНКА КУМАНОВО ЛИПКОВО РАНКОВЦЕ СТАРО НАГОРИЧАНЕ_**